Анархистичка библиотека

Леон де Мати
Смрт за демократијата
2007

anarhisticka-biblioteka.net laltiplano.fr
Наслов на оригиналот: *Mort à la démocratie* Превод: Бојан Антиќ

**www.anarhisticka-biblioteka.org**

# Смрт за демократијата

Леон де Мати

2007

# Содржина


1. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5
2. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 7
3. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 12
4. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 16
5. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 19
6. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20
7. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 28
8. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 30
9. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 34
10. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 36

шање. Демократијата денес, како впрочем и капитализмот, е неопходна и неспорна.

Критиките на сметка на демократијата предизвикуваат сомнеж, недоверба, однапред се дисквалификуваат, не се слушаат. А сепак, демократијата до ден денес го докажува својот неуспех. Светот со којшто владее секогаш е свет на потчинетост, лишување и сиромаштија. Иако го менува обликот, преоѓајќи од рацете на малцинството во рацете на мнозинството, власта не се откажува од наметнување ред и дисциплина. Нема еден обичен глас, во тајноста на гласачкото место или во јавноста на собранието, да ја измени нејзината тоталитарна суштина.

Авторот на оваа брошура, објавена во Франција во 2007, на дваесет години се кандидираше на локалните избори како член на левичарска партија. Ова искуство на примерен граѓанин го доведе до (никогаш несоборениот) став: изборите се стапица, а демократијата е непријател на слободата.

твени науки) докажува дека општествената критика нема намера да остане окована со тоа затвореничко резонирање.

Слободниот свет без пари и држави, без експлоатација и власт нема воопшто да биде „демократија“. Начинот на којшто една заедница ќе се организира и односите помеѓу заедницата и поединецот допрва треба да се создадат: не може однапред да се утврдат. Само хипотезите коишто поаѓаат од сегашниот доживеан ослободувачки чин, како на пр. во бунтовите, немирите и радикалните општествени движења, може да ни дадат блага идеја за патот што нѐ чека. Расправите и колективните антидемократски, антихиерархиски и антиавторитарни акции веќе постојат, а нивните облици постојано се развиваат низ настаните и колективните избори.

## 10.

Кој и да биде избран на избори, за мене ќе биде потполн странец. Не ме претставува. Неговите зборови и дела со ништо нема да ме претставуваат. Апстрактно ќе ја отелотвори државата, како крпена кукла, како глетка на ТВ екранот и неговите говори, безначајното продолжување на стерилната кампања, ќе бидат заборавени со иста брзина со којашто се изговорени. Машината на власта ќе се обновува благодарение на сето она што ја создава нејзината реална моќ, полицијата, судиите, стражарите и другите разни лакеи. Сиромашните секогаш ќе бидат сиромашни, а богатите секогаш богати. А она што може да ја прекине оваа логика на експлоатација сигурно нема да се одвива по пат на избор на подобар политичар, туку преку борба што ќе биде колку дива, толку и слободна.

Смрт за демократијата? Невозможно, надмоќта на мнозинство врз малцинството е табу тема. Без разлика дали таа надмоќ е реална или привидна, не може да биде доведена во пра-



## 1.

Секоја изборна кампања (било претседателска, парламентарна, локална или европска) истакнува и до бесконечност ја повторува мааната на демократската практика. Востановената бесрамност приредува вообичаени лаги, политичарите и онака одамна го прифатија познатиот мотив: „Колку е поголема лагата, толку повеќе луѓе ќе ѝ поверуваат“. И покрај евидентната фарса, сакаат да бидат она што не се, внимателно криејќи го она што се во суштина. И така еден стар расистички милијардер станува „противсистемски кандидат“. Поборникот за конзервативни принципи се претвора во „радикален кандидат“. Најекстремните заштитници на безбедносниот систем и традиционалните семејни вредности се изјаснуваат како левичари. Поранешните или идните министри одеднаш стануваат заговорници на антикапиталистички протести и стануваат конкуренција на официјалните револуционерни бирократски партии.

Сепак, најлошиот аспект не лежи во оваа збирка на апсурдни аргументации и бесмислени расправи. Не лежи ниту во начинот на којшто, по n-ти пат, она што навистина се случува на светов е покриено со атракција на нови слогани извикувани за време на кампањата.

Не, најлош е фактот што речиси сите се свесни оти сето тоа е залудно. По изборите и онака ништо не се менува. Експлоатираните и понатаму се експлоатираат, а богатите остануваат богати. Потребата за капиталистички пораст продолжува да ја уништува, полека но сигурно, можноста за преживување на планетава. Во меѓународната политика владее силата, измамата, уцената: иако страните не се толку препознатливи како во времето на Студената војна, работите не се сменети суштински, од една страна се „западните демократии“ на чело со САД, а од другата сите оние што го попречуваат напредокот на нивниот „империјализам“, додека во сопствените редови

поддржуваат уште побрутален поредок. Внатрешната политика, со понекоја полесна нијанса, останува иста: репресивни закони против сиромашните, протерување на илегалците, даночни олеснувања за фирмите. Дури ниту најубедениот троцкистички кандидат, кога би бил избран по некое чудо, не би успеал да смени нешто без претходно отстранување на коренот на експлоатацијата. Но, во тоа не успеала ниту една влада, од едноставна причина што власта не може да ја уништи сржта на власта.

Изборите се залудни и сите го знаат тоа: но, токму од таа суета демократијата ја црпи својата сила и затоа е најлоша од сите системи, нејзината смисла на постоење се темели на ништо и немоќ. Вие и онака знаете дека изборите нема посебно да ја сменат состојбата, но ако не гласате работите може да бидат и полоши. Задржете го она што го имате, иако не сте посебно задоволни, зашто она што може да следува може уште повеќе да ве направи мизерни. Демократијата е токму тоа, перманентна уцена со страв: колку и да е несовршена, сепак изгледа подобро од тиранија. Од сопствената несовршеност го црпи цврстиот аргумент за сопствениот опстанок. Ќе забележите дека демократијата никогаш не е довршена, целосна, треба постојано да се „освојува“. Нема врска што освојувањето е несигурна и недостижна цел: изгледа мааните на демократијата не зависат од неа самата, туку од нејзината вечна недовршеност, затоа место да ја отфрлиме треба, баш напротив, сè повеќе да ја поддржуваме. А што се однесува до диктатурата, таа е убедена во својата совршеност. Навистина смешна претензија, но не е поапсурдно да барате некој да ве сака само заради вашата несовршеност?

Но, сепак, демократијата не уценува: демократијата е уцена.

Демократијата е еден од облиците на уцена, а она што ја обликува неа ќе ја надживее дури и кога ќе исчезнат сеќавањата на „демократските вредности“. Тоа е она што се опишува како



реалност, како тој јаз да може да ја загрози примената, а не и принципот. Треба да се сфати дека јазот е составен дел од самите принципи, како што е сосема нормално дека демократијата не е она што ни се прикажува и дека не може од оваа деформација да извлече парадоксален аргумент за својата одбрана.

Значајно е дека со „теоријата на вина“ демократијата успева да ја тргне грешката на неисправното функционирање на системот со оние што не сакаат да учествуваат. Политичарите се корумпирани? Ти си виновен, доволно е да не ги прифаќаш демагошките приказни дека „сите се исти“. Политичарите не те застапуваат? Ти си виновен, доволно е да се излезе на избори. Полицијата те малтретира? Ти си виновен, мораш само да веруваш во доблеста на градската полиција.

Во оваа теорија има и предрасуди. Демократијата се прикажува како единствената можна база што ќе го вклучи поединецот во управувањето со најважните одлуки што треба да го водат неговиот живот. Така ќе може сите свои недостатоци да ги припише на недоволното вклучување на сите оние поединци кои сака да ги потчини. Бидејќи наведената импликација теоретски не може никогаш да се исцрпи, секогаш ќе се најде некаква несоработка на којашто ќе може да ѝ се припише одговорноста за грешките во системот. Демократијата, значи, прифаќа само внатрешна критика којашто, за да постои, претходно мора да го прифати она што е исклучително спорно во демократијата и да стекне оправдување дека таа е единствениот начин на којшто поединецот може да го докаже сопствениот придонес во корист на заедницата. Од таа причина демократијата станала, строго кажано, неоспорна, а секој антидемократски став во нејзините очи е ништожен: ненадминат систем, вон дофат на секоја критика, таква сака да биде демократијата и како таква ни се претставува. Наспроти овие претензии, натписот „Смрт за демократијата“ на ѕидот на окупираната ЕХЕСС (Школа за високи студии на општес-

## 9.

Најпосветените републиканци редовно ни мавтаат со оправдувачкиот аргумент којшто не трпи реплики: Републиката не е совршена, секако, но не постои ништо друго и затоа треба да се усоврши, а не да се уништи. Она што е Републиката во основна смисла, во принцип, треба ние сами да го оствариме. На крајот, доволно е да се верува, да се учествува, да се запишеме на избирачкиот список, да гласаме. Републиката е наше општо добро и ако во стварност не е, тогаш треба да се потрудиме повеќе, секогаш, вечно, да ја усовршиме. Нема врска што секое „подобрување" во иста мера и нè уназадува. Со принципот на вечно „усовршување", претворен во евтина животна филозофија („тука ништо не е совршено"), може да ги проголтаме сите горчливи апчиња кои се нижат едно по друго.

Прикажувајќи се како систем во постојан напредок и реформирање, постојано несовршен, но во постојано усовршување, демократијата се смета за совршена во принципите и дека единствените потешкотии произлегуваат секогаш од, несреќните но неизбежни, разлики коишто се појавуваат помеѓу принципите и нивната примена. Несмасната спротивставеност на идеалното и конкретното – тоа во неколку зборови е целата демократска метафизика.

Но, принципите не се раѓаат веќе готови и нематеријални, блескави на небото на својата идеалност, за подоцна да паднат во тешките противречности на реалноста. Бидејќи принципите се апстракција, тие не можат да му претходат на општеството што ги создало. Политичките поими се производ на општеството, а општеството не е изградено со приспособување на претпостоечки нематеријални и вечни идеи.

Затоа, ако демократскиот систем е конкретно незадоволувачки, тоа е последица на истите тие принципи. Не е толку важно да се види јазот помеѓу принципите и демократската



„најстуденото од сите студени чудовишта", на коешто не му се доволни само зборови. Неговиот последен аргумент е, и отсекогаш бил, нешто поинцизивно и поконкретно од зборови.

Многу е поголемо од демократијата затоа што ја моделира и во целост ја одредува. Се наметнува со сила како непремостлива граница на општественото живеење. Станува збор за создателот на перманентната уцена.

Станува збор за државата.

## 2.

Државата ни вели: задоволете се со демократијата, инаку ве очекува диктатура или хаос. Во суштина, уцената се одвива во два дела. Државата се однесува како нужен арбитер ако сакаме да го избегнеме животот без правила. Значи, ако државата е неопходна, тогаш подобро да се живее во демократија којашто настојува да ги усклади слободата со потребите на државата отколку во диктатура којашто се покорува само на барањата на државата.

Првиот момент на уцената се однесува на поборниците за државата. Логиката е многу едноставна: човек на човека му е волк. Затоа, за да може да живее во општеството треба да се припитоми. Државата (концентрацијата на општествената моќ) служи како средство за припитомување. „Природна состојба" е состојбата на постојана војна каде беснеат насилството и страстите коишто само моќни сили може да ги совладаат. Силата, моќта на државата, колку и да е страшна, никогаш нема да биде толку погубна како човекот без државата: затоа не смеат да се поставуваат граници на нејзината моќ.

Некои заговорници на државата, пак, признаваат полесна склоност кон диктатура: ѝ се восхитуваат на државната моќ и обожуваат режими коишто спектакуларно ја истакнуваат таа моќ. Но, најмудрите многу добро разбираат дека на крајот не

е важно дали се работи за монархија или република, дали моќта е апсолутна, олигархиска или демократска: важно е да постои држава. Останатото зависи од периодите и обичаите и колку одредено доба е подготвено да прифати.

Вториот момент на уцената се однесува на теоретичарите на демократијата. „Природната состојба“ во денешно време не изгледа веќе толку ѕверски. Акцентот повеќе е на слободата отколку на војната, општествениот договор е малку изменет. Прифатливо е да се жртвува „природната“ слобода за политичка слобода зошто вторава докажува, на крајот, дека е поквалитетна. Човекот е најслободен кога доброволно му се потчинува на законот што го избрал.

Треба да сфатиме дека овие два начини на поимање на „природната состојба“ и општествениот договор не се спротивставени, туку меѓусебно се надополнуваат. Последното мислење ја ублажува острата строгост на првото, но не ја отстранува.[1] Сите демократии ги имаат на располагање членовите на уставот коишто им дозволуваат суспензија на „демократските слободи“ ако на државата ѝ се заканува нарушување на интегритетот. Двете компоненти на заканата не се на исто ниво: попожелна е надмоќта на државата од нејзината немоќ. Ако не сакате демократија, ќе добиете диктатура, затоа што таа ќе ве спаси од нешто многу пострашно: анархија.

Би било сосема погрешно да се тврди дека овие теории денес не се веќе толку актуелни само затоа што се родени пред двесте или триста години. Напротив, тие се составен дел на современата идеологија. Зошто инаку медиумите секојдневно би нѐ засипувале со најстрашните злосторства? Следат од-

[1] Хобс, теоретичар на апсолутната власт, е учител на монархистичкиот конституционалист Лок и демократскиот Русо. Зависи како се изложуваат нештата. Лок и Русо само го разредуваат мислењето на Хобс за да стане поприфатливо.



сметало дека и покрај општествениот хендикеп тој заслужува успех и во општеството. Ако притоа докажал дека го прифаќа општеството такво какво што е, му помагале да дојде до слојот на доброситуираните, како праведна награда што се потрудил да се приспособи.

Но, денес, кога веќе не се осмелуваме да зборуваме отворено, бараме училиштето да се однесува како да нема нееднаквост, да постапува со сите ученици на ист начин, „без оглед на потеклото“. Гореспоменатата илузорна „еднаквост на можностите“ редовно се крши од карпата на нееднаквоста, па потоа се бара некое ново објаснување за да се сокрие вистината. Проблемот е во „изразот на наставниците“, во „програмата“, „насилството во училиштето“ или во „школските книшки“. Овие несоодветни образложенија во коишто се специјализира весникот *Le Monde*, се менуваат со голема брзина, зошто очигледно секое од нив многу брзо ја губи вредноста.

Процедурата личи на сталинистичките методи од периодот на московските процеси, иако во моментов не е толку сурова. Советската правда насекаде гледала заговори зошто тие биле единствено објаснување што власта можела да го најде за структуралните проблеми на чисто државната економија. Меѓутоа, изгледа дека пред нашата денешна демократија има многу потешка задача, заштo таа не треба веќе да го негира очигледното, туку вистинската тавтологија: бара од наставниците да докажат дека општеството на нееднаквост не е нееднакво.

Републичкото училиште е непроменливо и затоа се реформира на секои две години и претставува посебен пример на целокупната републичка идеологија: илузорна покривка на бедната реалност на класна експлоатација.

тавиле татковците на Третата република, почнувајќи од колонизаторот Фери, училиштето било сосема соодветно средство за таа цел. Добриот народ добивал кратко школување со коешто се стекнувал не само со минималното образование за работната сила, туку и со патриотско – филорепубличка идеолошка индоктринација неопходна за консолидација на режимот врз цврстите темели на школската пропаганда. Децата на буржоазијата масовно оделе во гимназија. Системот на стипендии им овозможувал на сиромашните, но вредни ученици, избрани заради нивните интелектуални способности, но и заради покорноста, достигнување на повисоки одделенија и средно училиште, па и качување по општествените скалила.

Така Републиката го исполнувала својот „општествен договор", дозволувајќи им на помал број деца од најниските слоеви да се качат на повисок. Таквата маргинална отстапка гарантира зачувување на власта со растоварување од претходните покрути општествени системи (иако и не биле толку крути).

Сè се сменило во 20 век, особено во шеесеттите, кога од една страна технолошкиот капитализам барал постручна работна сила, а од друга имало сè почести барања за социјална еднаквост, па дошло до сè повеќе републички лаги. Затоа му е наредено на училиштето дека мора на секој ученик да му обезбеди „подеднакви можности", како рамнотежа на постоечките нееднаквости.

Школата на Жил Фери не зборувала за „подеднакви можности". Поимот ќе делувал смешен зошто тогаш, поискрено, сиромашните биле нарекувани сиромашни, а не „лица од непривилегирана средина". Не се зборувало за „акумулација на социјални проблеми што бараат одлучни решенија од страна на државата", туку се зборувало на понепосреден начин дека сиромашните се валкани и неморални и затоа треба да се скротат и одгледаат како што е редот. Кога сиромашен ученик имал успех на училиште, никој не мислел дека ги има „истите можности" како неговиот буржоаски врсник. Напротив, се



реден политички шаблон: да нè убедат дека општествениот живот без закони и правда ќе биде вистински пекол.

Денес често се признава дека државата ги надгледува своите граѓани за да се избегне „злото" вродено во човековата природа. Не е важно што осомничените ги малтретираат во полициските станици ако тоа е цената за да запрат злосторствата на монструозниот сериски убиец. Доволно е на етиката да ги примениме правилата на трговијата: ако мала доза зло отстранува големо зло, тогаш сме во добивка. Наведениот „морал" е (да се обидеме да сфатиме) историско оправдување за денешните тортури во тајните затвори на ЦИА, постапките на француските легионери во алжирската војна или во воените диктатури во Латинска Америка во седумдесеттите години на минатиот век.

Тука не станува збор за поставување на вечното прашање за конфликтот помеѓу државниот интерес и моралот на поединецот, за трагедијата на Антигона и слично, зошто самите поими на тие расправи се многу искривени. Тие поаѓаат, пред сè, од прифаќањето на суверената сила како потреба што ќе ги заузда човечките страсти. И токму тука се крие лагата.

Поентата не е само во тоа што „природната состојба" никогаш не ни постоела, како што и философите што го користеле изразот често признавале. Поентата е што наведената фикција ништо не докажува. Измислена е само да ги оправда општествените нееднаквости. Во период кога сè помалку се верува дека нееднаквоста помеѓу луѓето произлегува од божественото право, со теоријата на „природната состојба" на модерен начин се оправдува опстанокот на власта. Се признава постоењето на еднаквоста и „природната" слобода, но само за веднаш потоа да се опишат низ ужасните црти на сеопшто насилство. Затоа власта веќе не се извршува во името на натприродното право на владеење, туку во името на световната потреба за избегнување на хаосот. Оправдувањето е сменето, но репресијата опстанува.

„Природната состојба“ е сосема индивидуална состојба, без општествени односи, нонсенс: хоминидот бил социјално битие и пред да стане човек. Етнологијата и антропологијата во доволна мера ги опишале општествата без држави за да може со сигурност да тврдиме дека државата никогаш не претставувала гаранција за постоење општествен живот. Стравот од „природната состојба“ го измислиле философите поаѓајќи од одредени општествени услови во коишто живееле. Хобс, за да нѐ убеди дека природата ги создала луѓето склони на „меѓусебно напаѓање и уништување“, најдобриот пример го наоѓа во стравот на граѓанинот што ја „заклучува вратата“ и „во сопствената куќа дури и ковчезите ги заклучува“.[2] Зарем стравот од грабеж среде општеството не е доволен доказ за злобната природа на човекот?

Прекрасна теорија...

Кога зборуваме за човечка природа, треба да се има на ум дека станува збор само за отсликување на општествените околности. „Човечката природа“ не постои, или со други зборови, природата на човекот е воопшто да нема природа. Општествените односи го создаваат човекот, а истовремено тој ги создава нив. Историјата и етнологијата докажаа дека на човекот може да му се припишат различни обележја, сите подеднакво човечки. Универзалното (ако воопшто постои) не се наоѓа во содржината предизвикана од општествените односи, туку во самиот факт дека секогаш постои едно. Нема смисла да се зборува за човекот што е „природно добар“ или „природно лош“. Постојат само општествени облици коишто се повеќе или помалку репресивни, повеќе или помалку слободни, во зависност од природата на апаратот што ги поддржува.

А што се однесува до теоријата на договорот, таа е, ако е тоа возможно, уште поматна. Затоа што карактеристиката на

[2] Хобс, *Левијатан*



кционирала само затоа што мал број од нејзините жители учествувал во државноста. Постоеле сите оние кои биле исклучени: неслободните или „странците“, односно оние чии родители не биле чисти Атињани. Иако обемот на државници во Атина сепак бил поголем од другите градови, зашто тие пред сѐ се дефинирале како воини, а атинската флота барала голем број морнари, од што произлегува ширењето на државјанството со цел снабдување на воената морнарица со работна сила. Немало суштински разлики помеѓу атинскиот и спартанскиот политички режим, се менувал само бројот на уживатели на привилегии.[6]

По примерот на Атина, секоја демократија, отсекогаш била и засекогаш ќе биде, олигархија. Единствено нешто што се менува е бројот на државјани и недржавјани. Денеска многу лица кои живеат во Франција се граѓани од втор ред: тоа може да го почувствуваат секојдневно во социјалните служби и администрацијата, а истото да не е дел од проблемот „работа со странки“. Странките обично се примаат точно како што треба, врз основа на нивното место во општеството. За нив е апсурдно да се каже дека Републиката им припаѓа на сите. Републиката е во сопственишство на доброситуираните класи и затоа и е воспоставена. Републиката е отуѓувачка сила во чие име насилниот полицаец ни бара исправи, судијата ни суди и нѐ осудува зошто сме одбиле да ја наведнеме главата, а стражарот ја затвора вратата пред нашата надеж.

Затоа и не е толку важно дали странецот има право на глас: за него, како и за нас, Републиката е странец.

Институциите на републиката, како на пример училиштето, редовно се обвинуваат дека не знаат да ги „совладаат општествените нееднаквости“. Зошто па училиштето да ги „совлада општествените нееднаквости“, кога негова главна задача е токму нивното целокупно зачувување? Како што го воспос-

[6] Luciano Canfora

заштитата на ова право и сродните големи општествени нееднаквости ги води токму оние кои немаат многу до поостри и почести удари на правдата. Тогаш, како е можно сиромашните да се одржуваат во резигнирана состојба? Поттикнувајќи ја доблеста на покорноста и со грубо казнување на секој што сака да си ја промени судбината.

Затоа на секој што се противи на полициското самоволие и насилство му се заканува суд. Во ноември 2005, и есента 2006, пролетерската директна акција не ја промаши целта: ги нападна полициските станици, возила, патроли. Во ноември 2005, дел од младите, со поддршка на повеќето жители на најсиромашните квартови, нападна сè што претставува „општество“, односно сè што секојдневно ги продуцира и репродуцира условите на лумпенпролетаријатот: претпријатијата, но пред сè државата со нејзините училишта, нејзините комунални објекти, јавниот превоз и, пред сè, силите на редот.

Овие акции се можеби и опасни за сторителите, но недвосмислено поефикасни од „излегување на избори“ коешто го промовираат разни миротворци. Од сите можни реакции, последнава е всушност единствената која со сигурност нема никогаш да го доведе во прашање постоечкиот поредок.

## 8.

Пред сè, кој гласа? Зошто странците се исклучени од изборите? Зошто африканскиот, кинескиот или арапскиот емигрант е неспособен да ги процени тековните политички случувања, само затоа што другите, по игра на случајноста, се родени во Франција со француски родители и имаат националност која другите ја немаат?

Доволна е само таа причина да се докаже флагрантната неправда на гласањето, а тоа отсекогаш и било такво. Она што денес се смета за модел на античка демократија, Атина, фун-



општествениот договор лежи во фактот дека никој никогаш не го потпишал. „Слободното прифаќање“ на жртвувањето на природните права е совршен чин пред којшто се доведува граѓанинот стекнувајќи полнолетство и нема можност да го смени. Каква е таа „слободно прифатена“ обврска ако не сме слободни да ја одбиеме?

Подоцна се откриени и други теории во корист на државата, како на пример онаа втемелена врз количината: бидејќи е потребно да се координираат голем број поединци потребна е и управувачка структура да ги гарантира односите коишто инаку ќе изостанат, заради својата сложеност, со простите меѓучовечки односи. Меѓутоа, освен фактот дека државата, спротивно од она во што сакаат да нè убедат, повеќе личи на репресивен систем отколку на управувачка структура, наведениот количински аргумент може да се содржи во тврдењето: бидејќи никогаш не сме виделе бројно општество да функционира без држава, тоа е невозможно. Не е важно што постојат спротивни примери од Украина во дваесеттите години или Арагон во Шпанската граѓанска војна. Примери коишто се одвивале во опсада или во војна и коишто докажуваат дека улогата на државата воопшто не е судбоносна. Во суштина, државата е она што „е“ и се оправдува исклучиво со нејзиното постоење.

Но, сепак мора да признаеме дека чисто теоретска расправа за можноста на постоење на општество без држава е, како што е изнесена тука, потполно бесполезна, затоа што „она што е“ (државата) не е теорија туку реалност којашто ги држи во рака средствата на сопствената перпетуација по секоја цена.

Токму тука ја наоѓаме уцената и ја сфаќаме нејзината вистинска природа. Како што „заштитникот“ лицемерно покажува загриженост за неволјите што ќе го снајдат неговиот штитеник ако не го плати придонесот на Куполите,[3] на ист начин

[3] Челници на сицилијанската мафија Коза ностра (заб. на прев.)

државата, *кум над кумовите,* може сега да го претвори во реалност кошмарот што го осмислила за да го оправда своето постоење.

Бидејќи војната на сите против неа не може да почне самата по себе, државата може самата да ја предизвика.

Со наведената стратегија на екстремен терор се користеле највисоките врвови на алжирските власти.

Најпосле, познато е дека страшните, сурови масакри од последната деценија на XX век во Алжир им послужија на властодршците, не толку во бробата против официјалната исламска опозиција, колку против мрзливата и радикална младина што го водеше бунтот во 1988. Состојбата на сеопшт хаос зад кулисите ја поддржуваше државата за да ги убеди и најрадикалните слободари дека враќањето во државна нормалност е сепак попожелно од идните неописливи ужаси.

Наспроти опасноста од губењето на власта, државата се покажала подготвена да жртвува одреден број граѓани само да ја оправда својата неопходност. Наведеното искуство од Втората алжирска војна може да се најде и во современиот свет. Состојбата на варварска војна на сите против сите е создадена од државата, но не само во фикцијата туку и во реалноста, ако ова екстремно решение значи опстанок за неа.

## 3.

Државата има своја историја, исполнета со насилство, убиства и репресија. Како и да се дефинира, првата задача на државата се состои од насилното наметнување на власта и верувањето во нејзиното исклучиво право на тој чин. Затоа целта на казнување криминалци не е, на пример, заштита на граѓаните или корекција на деликвентското однесување, туку во прв ред се користи за афирмација на надмоќта на државата и нејзиното исклучиво право на надмоќ. Криминалот треба да



та на кожата, зошто тие разлики ќе му послужат при изборот на човекот што ќе подлежи на детална контрола или ќе си продолжи непречено по патот, тоа од него го бара законот за дозвола на престој на странци и проверка на идентитетот кои се овластени од државниот правобранител.

Може во недоглед да се реформира обуката на полицијата или да инсистираме на преместување на стручните кадри во проблематични реони, може до бескрај да им повторуваме на полицајците љубезни фрази – нема да има никаква разлика. Кој поминал низ проверка добро знае со каков тон, со каков поглед и пред сè со какви очигледни предрасуди полицајците им се обраќаат на осомничените. Правото и законот дозволуваат полицајците да им се обраќаат на таков начин на оние кои треба да ги сметаат за човечки отпад.

Кога казнениот суд го преиспитува враќањето во притвор, една од точките на законот што треба да ја водат неговата проценка, е познавање на „гаранциите" на обвинетиот. Треба да се знае дали има постојано работно место, место на живеење, семејни врски или ги нема, врз основа на принципот дека луѓето кои се подобро интегрирани во општеството, имајќи што да загубат со бегството од правдата, во исто време се поподготвени од другите повторно да се појават пред судот. Треба да се нагласи дека наведената теза е точна. Оној што повеќе ќе изгуби со бегство од средината е оној што поретко го прави тоа. Меѓутоа, следејќи ја оваа процедура, излегува дека невработените имаат статистички многу повеќе шанси да останат во затвор од вработените.

На ист начин, имајќи предвид дека профилот на криминалците често е и социолошки профил, осудите се поинтензивни за сиромашните отколку за богатите. Микрокриминалот е пораширен во сиромашните средини, каде што луѓето мораат да се „снаоѓаат" за да опстанат. Од сите човекови права, најважно е токму правото на сопственост, односно она коешто државата најмногу го штити. Затоа, сосема е банално што

Доволно е само прецизно да се нанишанат сите луѓе што ќе бидат исклучени од демократските гаранции, дадени на повеќето граѓани, така што репресивното средство ќе погоди со егзактна доза на сила потребна за постигнување ефикасност и без премногу видливи придружни загуби. На пример, самоволниот притвор или мачењето ќе бидат дозволени, како во САД, само против некои категории: странци обележани како „терористи“ или „борци“. Делови на апсолутна, но лимитирана, државна самоволност во демократијата дозволуваат глобалната фикција за човекови права да ја продолжи претставата без премногу непријатности.

## 7.

Има „граѓани“ коишто полицијата секојдневно ги малтретира, додека на други им се обраќа со „господине“. Има обвинети кои се сметаат за невини и други коишто верижно ги осудува масовната правда. Таквите нешта, заборавени зошто се толку очигледни, се неприкосновени факти што ги обезвреднуваат сите демократски петиции.

Станува збор за типично демократско функционирање. Причината за оваа состојба, којашто не е ограничена само на Франција и се наоѓа во различни облици во сите „големи“ демократии, не е во „обуката“ на полицијата или „недостигот на средства“ на судовите. И ниту една реформа, каква и да е, нема да може да смени нешто.

Кога силите на редот ќе се стрмоглават во сиромашен кварт со наредба да ги уапсат илегалците, ги проверуваат минувачите врз основа на етничката припадност. Ништо не менува дали полицаецот е расист или не. И онака наредбите што ги добил ќе го претворат во тоа, иако се наредби што го почитуваат демократското право. Полицаецот треба да биде расист, тој мора визуелно да ги одреди разликите врз основа на боја-



постои за сите да знаат кој навистина владее, казнува и штити. По потреба, новите закони ќе создадат нови казнени дела преку кои државата ќе може безгрижно да ужива во своите бенефиции.

Наведениот монопол над насилството и владеењето се дефинира како „сувереност“. Идеологијата до таа мера го има извитоперено реалното значење на поимите, што денес суверeноста ни се претставува како начело според кое државата постои само во нејзиниот сервилен облик.

Првин доаѓа суверeноста, трансценденталниот извор на власта, а потоа државата, нејзината примена. Меѓутоа, суверeноста, којашто воопшто не е апстрактна, државата мора секојдневно да ја реафирмира. Ден за ден војската, полицијата, судството, социјалната помош, данокот, културата, спортот, итн. одново ја потврдуваат. Во суштина, нивната главна цел не е „да пружат услуга“ на граѓаните, нивната цел е секојдневно да докажуваат дека таа услуга произлегува од државата. И дека само таа може да ја пружи.

Иако можеби впечатокот е поинаков, сепак сакрализираните гестови и симболи на моќта не се само територијално ограничен фолклор, туку се активен механизам за постојана и минуциозна реконструкција на сопствениот клучен прерогатив. Стариот Митеран којшто имал (како што се вели) le sens de l’État, односно бил многу свесен за интимните компетенции на власта, не ги исмевал таквите работи. Неговиот мандат бил одбележан со реставрација на најпомпезните облици на републиката, коишто ги има одредено уште Де Гол. Без излишни или наивни елементи. Да не заборавиме дека Де Гол во Лондон се однесувал како претседател на држава, иако не бил ништо, бил само вистински шоумен. Доаѓајќи на власт, Митеран знаел дека дошло време за повторно затворање на фрондистичкиот период од крајот на шеесеттите и седумдесеттите години, кој иако не ја надвладејал државата сепак успеал да ја размрда и повеќе отколку што сакаат да признаат денес.

Демонстрантите тогаш верувале дека може да ги исмејуваат смешните атрибути на власта, сметајќи ги за веќе застарени и, следствено, неделотворни. Социјализмот во осумдесеттите ќе ги вразуми сите. Не може да се уништи повеќевековен систем на власт со обично игнорирање. До денес почитувањето на државата, нејзините министри, судии и полицајци успеа да ја стекне територијата изгубена со претходната генерација.

Сувереноста доби републички облик во Франција од сосема случајни причини. Другите држави имаат поинакви стилови, поинакви симболи и поинакви примери, но секој има свои, наследени од минатото. Во суштина, не е толку важен изворот на сувереноста или нејзиниот официјален изговор. Може индиферентно да биде „Бог“, „супериорна ариевска раса“ или „демократски принципи“. Изворот на сувереноста нема да го најдеме во овие екстерни оправдувања, наметнати на веќе готов чин, туку само во улогата којашто таа ја игра во системот на моќта. Сувереноста е како и правото, техничка потреба на државата.

Вон владините кругови, сувереноста се афирмира низ секоја државна услуга или администрација. На пример, поимот „обврска за јавни услуги“ вбризгува мала доза сувереност во секој државен службеник. Тој така се претвора во еден вид минијатурна општа власт и нападот врз неговата должност се поистоветува со напад на целокупната заедница којашто државата, наводно, ја отелотворува.

Всушност, треба да се сфати што навистина значи да се прекрши членот „Кој ќе омаловажува или навредува државни органи, односно службените лица при вршењето на [...] службата...“ Судската практика смета дека еден обичен дрзок поглед може да претставува кршење на законот. Кога би се придржувале до текстот и начинот на којшто се применува, ќе мора да признаеме дека пред полицаец, на пример, при легитимирање на улица, единственото неказниво однесување е



под Виши, а подоцна во служба на властите при Ослободувањето.

Невина пред злосторствата на диктатурата, демократијата може дури и да си дозволи, по неколку години „национално помирување“ кога се величаат доблестите на заборавот, демократски казнено да ги прогонува старите крвници од претходниот период. Тие тогаш, иако предоцна, ќе сфатат дека не се имуни на судски процеси само затоа што се ограничиле на извршување на волјата на државата, нивната господарка.

Заштитници на државниот поредок, подготвени да ги извршите сите наредби па и најстрашните злосторства, треба добро да ја научите оваа лекција, затоа што не случајно онаа на којашто ѝ служите се нарекува „најстуденото од сите студени чудовишта“. Нејзиното користољубие доаѓа пред секоја морална проценка и не знае за благодарност. Сте ѝ служеле во периодот на диктатурата. Ќе ѝ служите и кога ќе се повлечете, дозволувајќи ѝ на ваша штета да ја изгради демократската невиност. Државата може да ви ја сруши врз глава вам, лакеите, одговорноста којашто таа не сака да ја преземе. А во категоријата на „лакеи“ треба да се вбројат сите, од генералисимусот на чело на хунтата до последниот џелат-приправник од Вишата морнаричка школа за механика (ЕСМА). Пиноче, на пример, бил обичен бедник поставен на власт за да ги заштити интересите на моќниците. Кога стана стар и болен, губејќи ја поддршката на воените сили, чилеанската држава се одважи да спроведе истрага за обвинувањата подигнати од неговите жртви и на крај само смртта го спаси од судот.

Преминот од диктатура во демократија е момент на апсолутна лага со која државата се прочистува себеси, низ својата демократска мутација, од сопственото злосторничко минато.

Сепак, ова екстремно решение не е *non plus ultra*, неговата маана е што погодува преостро и предалеку, како антитуморска терапија којашто уништува огромен број здрави клетки во организмот. Она што се прави денес е најдобриот избор.

најмал знак на слабост или потсмев е синоним за иста доза на изгубена моќ.

Демократијата, за разлика од диктатурата, ја усовршила суптилната умешност на дозирање на принуда и награда. Доволно е да се препознае во кој миг користи една од нив, да се повлечеме пред проблемите и штом ќе се укаже шанса да се освои изгубената територија. Кога општествената криза станува толку силна што стерилизациските ефекти на демократијата губат на ефикасност треба да се помине на построга репресија. И на ова поле демократијата има широк дијапазон. Може краткотрајно или во одредени околности да ги суспендира вообичаените гаранции (како италијанските закони против „тероризмот“ во седумдесеттите години) во име на колективната одговорност.

Ако тоа не е доволно или ако сака да донесе посилна одлука, државата слободно може да воспостави краткорочна диктатура пред „повторно да се врати“ на демократија, откако ќе ги реши настанатите проблеми. Така, на пример, воената диктатура во Аргентина, иако беше краткотрајна во седумдесеттите и осумдесеттите години на 20. век, ги уби сите синдикални и политички активисти коишто го собираа незадоволниот народ околу себе, а сите потенцијални демонстранти го имаа пред себе примерот на тие ликвидации. Повторното воведување демократија можеше да се одвива во општество коешто, веројатно, два пати би размислило пред повторен бунт и така се оддалечи потребата за силна моќ што ќе ја спасува државата. Демократијата, која повторно ги држеше во раце уздите на државата, можеше лицемерно да се прогласи за невина за злосторствата што ги извршила за време на диктатурата, бидејќи таа не била на власт во тој период. Сепак, се работи за истата држава, истата администрација, истите вооружени сили, истата полиција, како во случајот со француската полиција, сојузникот во депортацијата на Евреите и антифашистите



спуштањето на погледот и одговарање со „Да, господине“ на секоја негова навреда. Секако, законот предвидува и жалба за полициското самоволие: долги и ризични процедури во кои најверодостојниот збор (зборот на полицаецот, секако) ќе биде повеќе ценет. Ако некој се постави помеѓу полицаецот и неговите жртви, викајќи им на полицајците „немате право да го правите тоа“, сигурно не го знае целосното значење на правото. Имено, државата не му служи на правото, туку правото е средство на државата. „Правата“, како и „правото“, воопшто не постојат сами по себе на идеалното небо на демократијата. Егзистираат само затоа што ги одредува еден сложен механизам и потребни се само кога ќе се утврди постоење на механизам што ги создава. Наспроти ставовите на владејачката идеологија, правото воопшто не е поврзано со демократијата. И недемократските држави се правни држави. Постоело и нацистичко право што ѝ требало на германската држава во периодот помеѓу 1933 и 1945, како што било и претходно, во Вајмарскиот период, или подоцна, по војната. Не е случајно што судските пресуди, вклучувајќи ги и оние на воениот суд Вафен СС којшто ги осудувал за дезертерство сите што не сакале да му служат на нацизмот, подоцна ги применувала и Сојузна Република Германија. Фактот дека германската држава во својот царистички, демократски или нацистички облик, пред сè, претставува континуитет, како и секоја друга држава, а тој континуитет е загарантиран со правото. Американците во искушението да ја срамнат со земја својата окупациска зона по поразите во 1945 набргу сфатиле, како и Римјаните одамна пред нив, што значи да се управува со регион: потребна е цела една машинерија на моќ.

Постоењето правен апарат, со сите свои атрибути (прекршочни, општински, регионални, пазарни судови итн.), со меморијата на претходните одлуки и овластување да ги применува во подолг период, е нужно за ефективното вршење на власта. Правото е принудата којашто државата си ја самона-

метнува за да биде поефикасна; таа е многу стара машина, изабена, усовршувана со постојана грижа на бројни генерации вредни лакеи на моќта.

Само државата може да го користи тоа средство. Зборувањето за „природно право“, како што тоа го прават правниците, е подеднакво бесмислено како и зборувањето за „природна даночна управа“ или за „природно судство“. Правото не е поприродно од „економијата“ или „државата“, но во интерес на идеолозите е да се продолжи со негирањето на неговиот исклучително општествен и историски карактер. Бидејќи она што историјата ни го донела може и да го одземе, правото сака да изгледа вечно зашто ѝ служи на власта којашто исто така се стреми кон вечноста.

## 4.

Правото не се поистоветува со „правило“. Многу општества функционирале и без право, во современото значење на зборот, затоа што биле без држава, иако имале правила, односно општествен договор. Што не значи дека тука ќе ги егзалтираме, сакаме само да потсетиме на нив зашто ја побиваат тезата за правото како основен составен дел од секое општество. Кога еден ден би се реализирало општество без стабилни институции, без хиерархија, и колку што е тоа возможно, без владејачки структури, тоа ќе функционира и без право.

Исклучивата и заемна поврзаност помеѓу „државата“ и „правото“ подразбира дека поимите како „закон“ и „законитост“ потполно исчезнуваат од умовите на лицата што сè уште веруваат во послободен живот. Слободата не може да живее во сенката на наведените поими. Можеби човечкото општество нема никогаш да функционира без кодекси, договори или спогодби. Но секако може да постои без „закони“, без оној дел од општеството што се крева над него во



тика на демократијата, производот на западната цивилизација. Но, верскиот интегрализам воопшто не се бори против капитализмот: сака само да го приспособи на својата теократска фантазма.

Затоа државите во кои ја освоил власта со конфискување на револуцијата, како Иран, се користат репресивни средства како и на други места. Исламската Република Иран е смеса на демократија (имаат избори) и диктатура (со идеолошко влијание на верските функционери врз општествениот и политичкиот живот). Ниту еден облик на слобода нема да може да се роди во сенката на покорноста пред боговите.

Државите не доаѓаат во судир затоа што се „за“ или „против“ капитализмот или затоа што сакаат да ја заштитат демократијата од диктатура. Се судираат заради моќ, во рамките на средствата што ги имаат на располагање (кои зависат од силата на нивниот национален капитализам) и под услов да се загарантирани потребите на капиталот. Може да бидат, по потреба, демократија или диктатура, во зависност од нивната историја и тековна побарувачка. Денешното време, од падот на советскиот блок, ја докажува моќта на демократијата. Диктатурата е способна само да ги задуши протестите, додека демократијата сака да ги интегрира.

Диктатурата има таква кревкост на сила што веднаш се крши штом ќе дојде до критичниот праг на отпорот. Демократијата се одликува со флексибилен отпор којшто може да го оддалечи тој праг, делумно попуштајќи за да го задржи она суштинското. Но, не мора само затоа да веруваме дека демократијата е поприфатлива. Секој режим, секоја држава опстануваат само со општествен консензус: нацизмот или сталинизмот по потреба ги задоволувале масите. Но, диктатурата е слепа и треба слепо да се води зад велот со кој нејзината сурова репресија го покрива отпорот на народот, а тој мора пред својот господар да се однесува покорно, исполнет со двосмисленост. Се набљудуваат државните функционери и

но ниту еден од нив не ја доведе на радикален начин во прашање надмоќта на САД.

Ако поверуваме дека организација како Ал Каеда може да ги нагризе темелите на западните сили, ќе паднеме во стапицата на најпростата пропаганда. Секако, со своите ограничени средства (коишто им се дадени од држави или државни сектори) наведената небулоза во име на својата опскурантистичка идеологија успеа да нанесе и неколку удари. Но, 11 септември 2001, пред сè ја сруши идејата за свет што е помирен или е на пат кон помирување. Во светот не е воспоставен мир затоа што самиот тој е предмет на суров и постојан судир помеѓу антагонистичките сили коишто истовремено имаат, во одредена мера, заеднички интереси.

Кога велиме дека државата е добивање облик на доминантен општествен однос, како капиталистичкиот денес, тоа се однесува на сите држави без исклучок, какви и да се ривалствата помеѓу нив. Хитлер бил поддржан од германските капиталисти што му ја предале власта, некои од идеолошки причини, но повеќето се плашеле од повторно избивање општествени немири во повоениот период. Случајот со италијанскиот фашизам е многу сличен. Што се однесува на т.н. „комунистички“ блок, доволно било да се замени „либералниот“ капитализам со државен капитализам во којшто капиталистичката класа веќе не била историската буржоазија, туку бирократската класа поврзана со партијата и државата. Во тие т.н. комунистички држави, без оглед дали станува збор за СССР, народните демократии, Кина или Куба, темелите на политичката економија произведени од капитализмот, како што се парите, експлоатацијата и класното општество не се укинати и никогаш не се доведени во прашање. Советската државна економија е само еден од облиците за управување со капиталот.

Не може ниту да заборавиме дека помеѓу современите идеологии радикалниот исламизам често се прикажува како кри-



својството на општата волја. Ако постои законот, постојат и репресивните органи што ќе нè тераат да го извршуваме; не можеме да се ослободиме од репресивните органи ако не ги отфрлиме и законите.

„Праведноста“, пак, изгледа спротивна на „законитоста“, до таа мера што остава впечаток на критика. Додека законитоста се грижи дали законот ја задоволува формата (законско е она што, формално, го почитува законот), праведноста поставува темелно прашање (не е праведност она што се ограничува на формалното почитување на законите, туку она што се противи на нашиот поим за доброто и рамноправното). Кога законот е несоодветен обично станува „неправеден“ за да се оправда „незаконитоста“ на сите оние што не сакаат да се потчинат на новата ситуација. Од друга страна, нивниот отпор се смета за праведен затоа што е конгруентен, за разлика од спорниот закон, со она што според нив треба да е цел на секој закон: воспоставување праведен поредок.

Праведноста содржи многу поголема субјективност од законитоста. Законитоста се припишува на објективното почитување на духот на законот, додека праведноста се однесува на чувството: совеста реагира пред неправедности. На пример, повеќето вооружени сили на демократските држави им ја наметнуваат должноста на своите припадници да одбијат да извршат „очигледно незаконска“ наредба. Но, не бараат војниците да одбијат да извршат „очигледно неправедна“ наредба. Тоа ќе значи да му се додели клучна улога на судот на војникот и да им се пружат непроценливи неуспеси на генералите.

И покрај тоа, спротивноста помеѓу законитоста и праведноста е само привидна: ако праведноста може да оспорува одреден закон, во исто време таа не го оспорува самото постоење на законот. Напротив, праведноста подразбира дека нешто над формалностите на законот, некаков „природен“ закон, треба да го регулира усвојувањето на „праведни“ закони. Со намера да го прикаже непремостливиот јаз помеѓу законот

како што „е“ и законот како што „треба“ да биде, праведноста укажува на постоењето идеален закон отаде реалниот закон.

Задржувајќи се на формализмот на законот, праведноста сака да каже дека тој треба да е нешто поинакво. Но, законот не може да биде нешто поинакво. Законот не може да биде незаконски. Законот не крши друг закон, може да го измени или замени, ако тоа не го стори почитувајќи ги претходните закони, може да го стори тоа според оние што самиот ги создал и коишто на тој начин стануваат новата законитост. Ако власта сака да усвои неуставен закон, доволно е да го смени уставот, којшто исто така е еден обичен закон и она што до вчера било неуставно, веќе утре ќе стане уставно. Уставот може да се менува, индиферентно, почитувајќи ги неговите правила за реформа или едноставно укинувајќи ги. На пример, за да стапи на сила, уставот од 1958 бескрупулозно поминал преку оној од IV Република. Затоа не може да ситничариме за „законитост на законот“. Законот секогаш е законит затоа што законитоста е само форма.

При стапувањето на власт на Хитлер, Рајхстагот, опкружен со неговите јуришни одреди, усвои закон со којшто можел по своја волја да го крши уставот на Вајмарската република. Со неколкуте војници од СА и СС исчезнале сите аргументи на конституционалистите. Не е толку значајно што Хитлер решил да го прекрши уставот, колку што е фактот дека одобрил закон за тој чин. На Хитлер му било доволно да создаде впечаток дека почитува одредена законитост, којашто отворено ја презирал во својата политика. Реагирал токму така затоа што таков закон бил потребен за опстанокот на германската држава којашто нацистите сакале да ја потчинат за своите политички цели. Според тоа, законот е само форма, кога силата во општествените односи добива облик.

Законот не може да биде ниту неправеден. Ако навистина е закон, со сите свои атрибути (но, не со начелата, туку со луѓето и оружјето кои ќе го наметнуваат), тогаш ќе знае да ја аргу-



За разлика од пропагандата, не се соочуваат режимите туку државите и нивните империјалистички претензии. Иако, нацистичките, фашистичките или сталинистичките држави се навистина посурови и покрвави од демократските, сепак не се разликуваат суштински, а ги поврзува токму она заради што се судираат: заштитата на сувереноста и териториите, а во краен случај, и експанзијата на власта. Само наивните може да веруваат дека освојувачките тенденции на нацистичка Германија и Советскиот Сојуз потекнувале од нивните тоталитарни идеологии. Напротив, тие идеологии се користени за целта на империјализмот којшто им претходел во сплетот на историските околности. Нацизмот, доктринарни трици и помии, се појавува од едноставна причина за да го зајакне германскиот милитаризам наследен од царскиот период, со општопознатите погубни последици. Од сите политички сили што се бореле во Германија за тоа наследство победила токму најциничната, најсуровата, најлошата. Додека, истовремено во Франција, меѓу другото и како последица на победата во 1918, истото милитаристичко наследство и колонизациски нагон си го задржале демократскиот облик, којшто исчезна без трага со првиот пораз во 1940, а е обновен со победата во 1945. На Исток, комунизмот ги запостави своите револуционерни цели за да ја задоволи алчноста за власт на разните тирани што се менуваа на чело на руската држава, почнувајќи од октомври 1917.

Облиците на северноамериканскиот империјализам се многу поинакви од самиот почеток. Кој може да тврди дека биле послаби? Само посовремени. Простата окупација од типот на Наполеон или Хитлер, колонијалното управување на Англичаните или Французите, современата власт го замени со сфери на влијание и посуптилни притисоци на потчинетите влади, проследени со бројни, но неминовни воени интервенции. Се разбира, и оваа политика доживеа неуспеси и порази, како на пр. во Виетнам, Сомалија и Ирак,

торичарите, во случајот на Франција, како „бавно образување на општото право на глас“, во суштина очекување на моментот кога народот ќе биде доволно припитомен за да не гласа за што било и за кој било. Затоа „императивниот мандат“, законската обврска според која избраните мораат да се придржуваат до програмата одредена пред изборите, или идејата според која работата на пратениците треба да се оценува од „судот на граѓаните“, често се прикажуваат како демагошки предлози. Границите на „репрезентативната демократија“ ги нагласуваат конституционалистите исплашени од т.н. „диктатура на јавното мислење“, впрочем денес и „претераната“ демократија се смета за „диктатура“. Спротивноста помеѓу демократијата и диктатурата и не е баш толку комплетна (дури и во смисла на официјалната идеологија), како што сака да нѐ убеди демократската уцена. Државата многу добро се сеќава како овие два политички облици може да се користат совршено, заедно или поединечно, зависно од тековните потреби.

Во оваа лажна опозиција демократијата често се прикажува како „слаб“ режим, додека диктатурите се претставуваат како „силни“ режими. Историјата покажува колку е лажна таа слика. Од двата можни правци, демократија или диктатура, првата е наметната (очигледно) како најмоќното и најбезбедното средство за трајна консолидација на силна државна репресија.

Геополитичките блокови што ја избрале диктатурата, силите на Оската во првата половина на 20 век или „комунистичките држави“ во втората, излегуваат како поразени во минатиот век. Нивниот модел успеал да се наметне во кризните времиња, но не опстанал. „Илјадагодишниот рајх“ пропаднал во тринаесеттата година. Од друга страна, западните демократии, оцрнувани во тој период, опстануваат во некои случаи веќе двесте години, докажувајќи ја својата извонредна издржливост.



ментира својата праведност. Хитлер и Де Гол ја искористиле кризата во Германија во 1933 или во Франција во 1958 за да ги наметнат своите ставови. Нивните закони биле праведни, ги оправдувале нивните политички избирачи, а и законски, затоа што задачата им била да воспостават нова законитост, во склад со нивните потреби.

Да се оспорува праведноста на законот значи да се води борба на негов терен и да се биде однапред поразен, не забележувајќи дека процесот на измени и замени на законот, самиот по себе не е ниту законски, ниту „праведен“, туку само прашање на сооднос на сили. Како што одредениот сооднос на сили, но од друг вид, може да го укине самиот поим на закон.

Некој може да каже дека ова е само расправа за поими, но треба да бидеме свесни дека битката што ја губиме на јазичното поле е истовремено и пораз на поконкретното поле на општествените односи. Колонизирајќи ги начините на размислување, пред сѐ зборовите, должностите што се наметнати исклучиво за доброто на неколкумина стануваат „природни“. Со семантичката критика може да ги релативизираме претензиите на соодносот на силите, но во исто време не може и да ги укинеме. Само материјалната промена на условите на живот може да има таков ефект, во процесот којшто теориската критика на власта ќе ја продлабочи низ критика на дело.

## 5.

Значи, државата е вообличување на власта. Државата е одобрување и обновување на соодносот на силите што не настанува вон неа, напротив, таа го одредува и го опфаќа соодносот, а темелите на тој соднос се многу конкретни и материјални, и им ја доделува на одредени групи на луѓе власта над општествената сила, позиција на моќ во, да ги наречеме така, колективните општествени односи. Никој нема да се изнена-

ди ако кажеме дека денешното светско општество го формираат капиталистичките општествени односи. Во тој однос постои доминантна страна, капиталистичката класа, и доминирана страна, експлоатираните класи. Демократијата, посебниот државен режим, е само еден од можните облици на капиталистичка власт.

Затоа е сосема погрешно (и лажно) да се претставува државата како „неутрален“ посредувач којшто може да ги модерира општествените судири, односно да верува дека може да постои каква и да е државна сфера („јавни услуги“) вон рамката на строгата пазарна логика. Денешната контрапозиција помеѓу „приватниот сектор“ и „јавниот сектор“ во целост ја брише улогата на државата во обновувањето на капиталистичката власт и експлоатацијата. Јавниот сектор подлегнува на истите, или речиси истите, економски правила како и приватниот, а целата расправа помеѓу поборниците за државната интервенција и ултралибералистите се одвива во рамките на самиот капитал. Треба само да се открие на кој начин капитализмот ќе функционира подобро.

Вообичаената осуда на „ултралиберализмот“, составниот дел од политиката на денешната таканаречена „радикална“ левица, често се сведува на апел за посилна државна заштита наспроти паричната моќ. Наведениот став не е ниту свесен дека решението што го нуди е токму причината за проблемот.

Државата, без оглед дали е демократска или не, како моќ на владеење, отсекогаш била и ќе биде сојузник на капитализмот и експлоатацијата.

## 6.

Неодамна, од очигледно интересни причини, поимите за демократски режим и она што порано се сметаше за „јавни слободи“, почнаа често да се поистоветуваат, до таа мера што изгледаат како да имаат исто значење. Меѓутоа, во класичната теорија „слобода“ и „демократија“ имаат спротивно значење. Демократијата, владеењето на мнозинството, се доживувала како нешто што многу лесно можело да ја повреди слободата, бидејќи нè потчинува со диктатот на демагогијата. Од таа гледна точка, „диктатурата“ како суспензија на јавните слободи воопшто не е спротивна на „демократијата“, напротив, речиси се претопуваат една во друга: мнозинството, усогласено со демагогот, може да ги задуши правата на малцинството. Затоа, античка Грција, претставена низ површните тези на непознавачите на сложената хеленска реалност како колевка на демократијата, длабоко се сомневала во тој режим.[4]

Но, денес не се заборава секогаш спротивноста помеѓу „слободата“ и „демократијата“, а опстанокот на тој став објаснува она што понекогаш, неправилно, се толкува како недовршеност на демократијата, а всушност станува збор за механизам наметнат од двојниот карактер на режимот којшто ги гарантира граѓанските слободи,[5] а истовремено е теоретски потчинет на „народната волја“. Долго време во Франција се гледало со сомнеж на општото право на глас: дури со реформата во 1962 се укинала забраната за општото право на глас за претседателски избори, наметната по болното искуство со Луј Наполеон Бонапарт. Секако, постојат заштити. На пример, потписите на гласачите коишто и ден денес се потребни за кандидатура. Можеби може да ги објасниме со одредена недоверба во семоќниот глас? Освен тоа, го има и она што го дефинирале ис-

[4] Luciano Canfora, *La democrazia, storia di una ideologia*, Laterza [*Демократија, историја на една идеологија*]

[5] Современите слободи, родени теоретски и практично низ борбата на граѓаните започната кон крајот на средниот век за превласт во општеството, се граѓански слободи, а „човекови права“ се правата на капиталистите. Наведените точки се сосема доволно разглобени и нема смисла да се задржуваме на нив. Види Маркс во *Еврејското прашање.*